| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Здравјето треба да се чува |
| **Содржина на денот** | „Топла облека“ |
| **Возраст** | 4-5 години |
| **Воспитувач** | Билјана Цветаноска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за одржување на физичко растојание во градинка и со другарите.<br>Објаснување како се шират вирусите и бактериите и како со редовно миење на рацете со сапун и вода може да се заштитиме. |
| **Активности** | Започнете разговор со Вашето дете за годишното време есен при тоа задржете се на тоа како се облекуваме во есен, а како во лето.<br>Поттикнете го Вашето дете да направи споредба со летната и топлата облека. За да го проверите богатството на детскиот речник со Вашето дете може да ја играте играта:<br>-Групирање на зборови со примена на асоцијативен метод (поврзување со нешто) пример човек, делови од телото (именување за што служат), облека (кошула,панталони...) , обувки(кондури,сандали).<br>Може подоцна да ја играте играта „Зимска и летна облека“.<br>Се поставуваат апликации на машко и женско дете и на топла и летна облека. Понудете му на детето апликации на (чорапи,чизми,палто,шал,ракавици) и апликации од летна облека.<br>Задачата на детето е правилно да ги именува видовите на топла и летна облека и да ги постави каде што е потребно (кај машкото дете топла облека,кај женското дете летна облека) . Играта трае додека детето пројавува интерес за истата. |